РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS Сертифициран систем според Sistemi i certifikuar sipas ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 04-15/17 Скопје,Shkup,Skopje 23.02.2023 година/viti/year

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведено интервју број 04-15/10 од 24.01.2023 година, како и Известувањето од Министерство за финансии со Архивски број 18-2990/2 од 20.02.2023 година, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2022 за за унапредување тројца (3) административни службеници

1. За извршител на работно место Самостоен референт- архивар во Одделението за правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи, со звање самостоен референт, се избира кандидатот **Ферихан Абдула**.

2. За именуваниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување во рок од пет дена од по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

4. Со денот на донесувањето на оваа Одлука се става вон сила Одлуката за мирување на постапката по Интерен оглас број 01/2022 за унапредување тројца (3) административни службеници со број 04-15/12 од 27.01.2023 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 30.12.2022 година на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2022 за унапредување на тројца (3) административни службеници.

Со Решение бр.04-15/7 од 18.01.2022 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник и по спроведено интервју за секое различно место од Интерниот оглас изготви финална ранг-листа од интервјуираниот кандидат и му предложи на Генералнот секретар да донесе одлука за избор на прво рангираниот кандидат Ферихан Абдула за работно место Самостоен референт- архивар во Одделението за правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер од причина што постапката за унапредување од 2022 година продолжи во 2023 година, до Министерство за финансии со број 04-15/4 од 05.01.2023 година достави Барање за продолжување на добиено известување за обезбедени финансиски средства за унапредување во тековната 2023 година. Министерството за финансии на ден 22.02.2023 година достави до Агенцијата Известување со Архивски број 18-2990/2 од 20.02.2023 година со кое согласноста за обезбедени финансиски средства за унапредување се прогласува за важечка во делот во кој не е реализирана и во тековната фискална година 2023 година, со што постапка за унапредување во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по Интерен оглас број 01/2022 продолжува.

Имајќи го предвид горе наведеното, Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ја донесе оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од осум дена од денот на објавувањето има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

**М-р Тања Ковачев**

**Доставено до:**
- Именуваниот и
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk